РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

ПРЕКРШОЧНА КОМИСИЈА / KOMISIONI PËR KUNDËRVAJTJE

ул.Пресвета Богородица бр.3 1000 СКОПЈЕ / rr.Presveta Bogorodica nr.3 1000 SHKUP
тел/tel: +389 2 3248 930 email: contact@dksk.org.mk https://www.dksk.mk

Бр. 14-212/3
01-04-2024 2024 година

Скопје

Прекршочната комисија во Државната комисија за спречување на корупцијата во состав Адем Чучуљ, Славко Ѓоргески, Сашко Колев, Весна Донева и Севим Мустафа, решавајќи по предметот оформен по Барање за поведување на прекршочна постапка, под бр.14-5372/1 од 21.11.2023 година, поднесено против лицето Светлана Лазаревска Гоговска од [redacted], за сторен прекршок од член 82 став 3, а казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, врз основа на член 49 став 2, член 54 став 1 и член 55 став 1 од Законот за прекршоците и член 114 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси на ден 28.03.2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

СТОРИТЕЛОТ:

Светлана Лазаревска Гоговска, со ЕМБГ [redacted], родена на [redacted] година, со место на живеење на ул.„[redacted]" бр[redacted], државјанин на Република Северна Македонија,

## ОДГОВОРЕН Е

ЗАТОА ШТО:

Во законски предвидениот рок од 30 дена по престанокот на функцијата член на Управниот одбор на ЈЗУ Општа болница Гостивар, не доставил анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Со горното дејствие, на ден 30.08.2021 година во Скопје, сторил прекршок по член 82 став 3, а казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на

корупцијата и судирот на интереси, па согласно со наведените членови и член 22, 23, 26 и 63 од Законот за прекршоците, Прекршочната комисија во Државната комисија за спречување на корупцијата му

ИЗРЕКУВА

Прекршочна санкција - ГЛОБА во износ од 300 евра во денарска противвредност од 18.451,00 (со зборови: осумнаесет илјади четиристотини педесет и еден) денари сметано по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија во време на изрекување на глобата – 28.03.2024 година.

Сторителот е должен да ја плати глобата во рок од 15 дена од денот на правосилноста на решението, како и во истиот рок согласно со член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочен орган е должен да плати 250,00 (двесте и педесет) денари на име трошоци во постапката, во спротивно истите ќе бидат наплатени по присилен пат согласно со Законот за даночната постапка.

Сторителот глобата и трошоците да ги плати на сметка бр. 100000000063095, приходна шифра 722159, уплатна сметка 840 (***број на општината каде се уплаќа)05808, примач Буџет на Р.С. Македонија, а во цел на дознака да се наведе бројот 14-5372/2023.

Примерок од налогот за извршена уплата, во рок од 15 дена да се достави до Прекршочната комисија во Државната комисија за спречување на корупцијата.

Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата поднесе Барање за поведување прекршочна постапка заведено под бр.14-5372/1 од 21.11.2023 година против лицето Светлана Лазаревска Гоговска од [redacted], за прекршок предвиден во член 82 став 3, а казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, затоа што во законски предвидениот рок од 30 дена по престанокот на функцијата член на Управниот одбор на ЈЗУ Општа болница Гостивар, не поднело анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Државната комисија за спречување на корупцијата преку овластено службено лице, по констатирање на прекршокот, согласно со член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси спровела постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог број 08-1845/6 од 15.06.2023 година и истиот заедно со Записник за констатиран прекршок број 08-1845/5 од 15.06.2023 година ги доставила до сторителот, на начин што, по два неуспешни

последователни обиди за доставување на истите со пратки број RC065129911MK и број RC075582313MK, согласно член 56 став 5 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 92/2019), на ден 06.11.2023 година извршил јавна објава за доставување на Записник за констатиран прекршок и Прекршочниот платен налог, што според одредбите од Законот за прекршоците се смета за уредна достава.

Прекршочната комисија во Државната комисија за спречување на корупцијата согласно со член 60 став 3 од Законот за прекршоците со допис Известување бр.14-5372/2 од 28.11.2023 година го извести сторителот за прекршокот што му се става на товар и го поучи дека во рок од 3 дена од приемот на известувањето има право да се произнесе по наводите содржани во барањето.

И во оваа фаза од постапката, по два неуспешни последователни обиди за достава на известувањето, со пратки број RC077721070MK и број RC078061149MK, согласно член 56 став 5 од Законот за прекршоците, Прекршочната комисија на ден 18.01.2024 година изврши јавна објава на известувањето бр.14-5372/2, што според одредбите од Законот за прекршоците се смета за уредна достава. Пред да се пристапи кон јавна објава, по поднесено барање до Министерството за внатрешни работи, потврдена е адресата на сторителот со допис - Одговор на барање, Рег.бр.12.1.10.1-67 од 10.01.2024 година.

Сторителот, иако уредно известен, не се изјасни за наводите, како и за фактите и доказите изнесени во барањето за поведување прекршочна постапка.

Прекршочната комисија по разгледување на Барањето за поведување прекршочна постапка бр. 14-5372/1 од 21.11.2023 година и приложените докази, и тоа: Записник за констатиран прекршок број 08-1845/5 од 15.06.2023 година, Прекршочен платен налог број 08-1845/6 од 15.06.2023 година, Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница-Гостивар бр. 14-8608/1 од 30 јули 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.191/2021), вратени поштенски пратки број RC065129911MK и број RC075582313MK, за достава на записникот за констатиран прекршок и прекршочниот платен налог со назнака: „Иселен“, Одговор Рег. бр.12-83205/2 од 26.07.2023 година од Министерство за внатрешни работи, Јавна објава за доставување на Записник за констатиран прекршок и Прекршочен платен налог број 08-1845/9 од 06.11.2023 година, ја утврди следната фактичка состојба:

Лицето Светлана Лазаревска Гоговска, со Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница-Гостивар, бр. 14-8608/1 од 30 јули 2021 година донесено од Претседателот на Владата на Република Северна Македонија е разрешено од должноста член на Управниот одбор на ЈЗУ Општа болница Гостивар.

Именуваната во рок од 30 дена од денот на престанокот на функцијата не поднела анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што на ден 30.08.2021 година во Скопје сторила прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата, по констатирање на прекршокот, на сторителот му издала Прекршочен платен налог број 08-1845/6 од 15.06.2023 година, по кој сторителот не постапил.

Од вака утврдената фактичка состојба, Прекршочната комисија најде дека во дејствието на сторителот се содржани битните елементи на прекршокот предвиден во член 82 став 3, а казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што истиот го огласи за одговорен и му изрече прекршочна санкција–Глоба.

Имено, во согласност со член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси :

„Избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник, при изборот, именувањето назначувањето, односно вработувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето поднесува изјава за имотна состојба и интереси."

Согласно член 82 став 3 од истиот закон: „Лицето од ставот (1) на овој член има обврска да поднесе изјава за имотна состојба и интереси и во рок од 30 дена од денот на престанувањето на функцијата односно вработувањето."

Согласно член 109 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси „Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието Република Македонија, потпретседателите на Собранието Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, замениците на претседателот на Владата на

Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник доколку:

- не пополни анкетен лист, односно изјава за имотна состојба и интереси во рок од 30 дена по престанувањето на функцијата, односно вработувањето."

При одмерување на прекршочната санкција, прекршочната комисија ги имаше во предвид границите што со закон се пропишани за сторениот прекршок, прекршочната одговорност на сторителот и тежината на прекршокот, како и сите околности што влијаат прекршочната санкција да биде полесна или потешка, а особено степенот на одговорност на сторителот за прекршокот, околностите под кои е сторен прекршокот и личните прилики на сторителот, така што може да се очекува дека со изречената прекршочна санкција ќе се постигнат целите на казнувањето.

Прекршочната комисија одлучи да изрече глоба од 300 евра во денарска противвредност, што претставува минимален пропишан износ во материјалниот закон за овој прекршок.

Имајќи предвид дека сторител на овој вид прекршоци е службено лице, висината на глобата е во согласност со член 26 став 2 од Законот за прекршоците.

Одлуката за трошоците на прекршочната постапка Прекршочната комисија ја донесе врз основа на член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочен орган.

РЕШЕНО ОД ПРЕКРШОЧНАТА КОМИСИЈА
ВО ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
14-5372/2023

ПРЕКРШОЧНА КОМИСИЈА
Член
Весна Донева

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Правна поука:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

ДН/

1. До сторителот
2. До подносителот
3. Во предметот